# Нова 2025 Година - БЕЛГРАД со Нови Сад
# ДОЧЕК НА НОВА ГОДИНА НА БРОД

Оваа нова година, ОРБИТА повторно Ве води во градот кој никогаш не спие - БЕЛГРАД. Посетете го градот каде што се сретнаа Дунав и Сава, посетете ја црквата Свети Сава - најголемата православа црква на Балканот, тврдината Калемегдан како еден од најшармантните паркови во светот, Белград Waterfront, прошетајте по најпознатата улица Кнез Михајлова .....
Дочекајте ја Новата година со крстарење по Сава и Дунав...
Не пропуштајте и да ја посететите српската Атина, градот Нови Сад кој е главен град на северната српска покраина Војводина и втор по големина град во Србија, по српската престолнина Белград, а важи за еден од најубавите во регионот. Градот лежи на брегот на реката Дунав, изобилува со природни убавини, а истовремено е колаж на архитектонски стилови заради градбите кои го привлекуваат вниманието на туристите, како и богатата историја со која градот може да се пофали. Таму можи да ги погледнете Петроварадинската тврдина и саат кулата, ќе ги посетиме Дунавската улица и Дунавскиот парк, Православната црква, Римокатоличката катедрала, Синагогата и градската куќа - Магистратот

**1.Ден 30.12.2024 (Понеделник)**
Состанок со групата на паркингот наспроти театарот Војдан Чернодрински во Прилеп во 23:45, во 00:00 часот поаѓање за Белград. Патот води преку Кавадарци, Велес, Скопје, Куманово и преку граничен премин Табановце. Ноќно возење со попатни паузи и царински формалности.
**2.Ден 31.12.2024 (Вторник)**
Пристигнување во **Белград** во утринските часови. Разглед на градот со локален водич: плоштадот Теразије, Славија, храмот Св.Сава, булеварот на револуцијата, Дедиње, тврдината Калемегдан, споменикот на Победникот и панорама од каде се гледа вливот на реката Сава во Дунав... Слободно време за индивидуални прошетки и активности низ Кнез Михајлова во центарот на градот. Сместување во хотел. Вечерта организиран превоз за патниците кои што се имаат пријавено за новогодишен дочек на брод. За останатите патници индивидуален Новогодишен дочек на плоштад или во некој од многубројните кафичи или кафеани.Во договорено време враќање во хотел. **Ноќевање.**
**3.Ден 01.01.2025 (Среда)**
**Појадок.** По појадокот факултативен излет до **Нови Сад** - центар на Српската култура уште познат и како Српска Атина, панорамски разглед на градот, катедралата, црквата, синагогата, плоштадот, Петроварадинската тврдина (панорамски). Слободно време во центарот на градот. Враќање во хотел во попладневните часови. Вечерта слободно време за постновогодишни прошетки или забави. **Ноќевање.**
**4.Ден 02.01.2024 (Четврток)**
**Појадок.** Одјавување од хотел. По појадок се упатуваме кон пристаништето каде што има можност за факултативно крстарење со брод по Дунав или слободно време за прошетка покрај кејот. Во попладневните часови поаѓање за Македонија. Пристигнување во вечерните часови.

**Цена на аранжманот:**
**169 еур / 10.478,00 мкд**
**ОРГАНИЗИРАН ПРЕВОЗ од Битола, Прилеп, Кавадарци (Дреново), Велес, Скопје, Куманово**

**Во цената на аранжманот е вклучено:**
- Превоз со туристички автобус на дадената релација
- Организација и водство на патувањето
- Разглед на Белград со локален водич
- 2 ноќевања со појадок во хотел Србија 3*

**Во цената на аранжманот не е вклучено:**
- Патничко осигурување 200 мкд
- Задолжителна туристичка такса за хотелот – 200 мкд (се плаќа во агенција)
- Факултативен излет до Нови Сад – 20 евра по лице - пријавување во агенција, плаќање во автобус.
- Крстарење со брод по Дунав 1 час –15 евра по лице - пријавување во агенција, плаќање во автобус
- Новогодишен дочек на брод – 85 по лице – пријавување во агенција, плаќање во автобус
- Влезници во културно/историски споменици

**НАПОМЕНА!!!**
**ЗАДОЛЖИТЕЛЕН ИЗБОР НА ЕДНА ФАКУЛТАТИВА!**
- За реализација на аранжманот се потребни минимум 45 патници
- Краен рок за евентуален отказ е 7 дена пред датумот на поаѓање
- Организаторот на патувањето во задржува правото за измена на поедини содржини од програмата.

- За факултативните излети се потребни минимум 30 патници
- Патникот има обврска да го провери пасошот пред патувањето.
- Цените се изразени во евра, а курсот на еврото се пресметува 62 денари
- За сингл соба се доплатуваат 50 евра дополнително од аранжманот поради вториот кревет
- Деца од 0 – 2,99 години бесплатно (спијат во кревет со родител)
- Дете до 12 години придружувано со едно возрасно лице плаќа 100% од сумата на аранжманот.
- Резервации за одреден кат или страна не е можна.
- Селекција на седиште во автобус! Патниците се сместуваат според временската линија на уплати.
- Доколку имате барање за седиште, истото се доплаќа 15 евра за во два правци.
- **За овој аранжман важат општите услови за патување на Т.А.ОРБИТА и СКТМ**

**Опис на сместувањето:**
**Хотел Srbija** е прекрасен хотел кој се наоѓа на само 3 километри од центарот на градот. Хотелот располага со еднокреветни, двокреветни и трикреветни соби. Комплетно е реновиран во 2005 година и Ви овозможува чувство на удобност и комфорт. Има панорамски ресторан со капацитет од 380 места се наоѓа на 17 спрат од хотелот од кој има прекрасен поглед на цел град и претставува совршено место за почеток на денот со појадок и кафе од прекрасната шведска маса која што ја нуди.

**Опис на факултативите:**

**Крстарење по Дунав**
**-** 1 часовно крстарење по Дунав со разглед на голем дел знаменитости на кејот **– 15 евра по лице – минимум 30 лица**

**Нови Сад**
- Не пропуштајте и да ја посететите српската Атина, градот Нови Сад кој е главен град на северната српска покраина Војводина и втор по големина град во Србија, по српската престолнина Белград, аважи за еден од најубавите во регионот. Градот лежи на брегот на реката Дунав, изобилува со природни убавини, а истовремено е колаж на архитектонски стилови заради градбите кои го привлекуваат вниманието на туристите, како и богатата историја со која градот може да се пофали. Таму можи да ги погледнете Петроварадинската тврдина и саат кулата, ќе ги посетиме Дунавската улица и Дунавскиот парк, Православната црква, Римокатоличката катедрала, Синагогата и градската куќа – Магистратот

**НОВОГОДИШЕН ДОЧЕК НА БРОД СО КРСТАРЕЊЕ ПО САВА И ДУНАВ**

## Неограничена конзумација во текот на целата ноќ од следните пијалоци:

- Домашна ракија (Дуњевача, Кајсиевача, Шљивовача)
- Пелинковац
- Вотка
- Вињак
- Џин
- Вермут
- Вино Орфелин Ковачевиќ
- Зајечарско пиво
- Сокови газирани: Кока кола, Битер Лемон и Тоник
- Сокови негазирани: Јаболко, Портокал
- Минерална вода
- Кафе, чај
- Микс пијалоци (Вотка Џус, Битер Вотка, Џин Тоник

## НОВОГОДИШНА ВЕЧЕРА (ладно топло бифе)

- Селекција на домашни деликатеси: златиборска пршута,свинска печеница,свински врат, кулен
- Селекција на млечни производи: бело сирење, димено сирење со зачини, Кашкавал
- Маслинки
- Руска салата
- Проја,пита со сирење и пита со зеленчук
- Мариниран свински врат во сос од сенф и мед
- Ролованo пилешко филе
- Грилован ароматичен пилешки копан без коски
- Гурманска плескавица
- Домашен димен колбас
- Пекарски компир
- Ослич филе со лимон

- Рижото со зеленчук
- Витаминска салата
- Сезонска салата
- Кајзерици, сомуни и интегрален леб
- Десерт

## Музика во живо:

Забавна и народна музика со познат бенд

## Цена:

**85€** по лице

## Програма за дочекот:

21:30 - 22:45 – Качување и сместување на бродот

23:00 - 01:00 – **ПОКЛОН КРСТАРЕЊЕ по** Сава и Дунав

01:00 - 03:00 – Продолжување со забавата на закотвен брод

**Линија на пловење:**

Хотел Југославија (Пристаниште на бродот) – Големиот воен остров – Коњскиот остров – вливањето на Сава и Дунав - Калемегдан – Хала Бетон – Савско Пристаниште – Соборна Црква – Бранков Мост – Београд на води – Стариот Савски мост – Газела – Стариот Железнички мост – Новиот Железнички мост – Београдски Саем – Мост на Ада – враќање кај хотелот Југославија на пристаништето на бродот.

** Линијата на пловење е подложна на измени зависно од хидрометеорошките услови*